РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Комисија за заштита од дискриминација

## ИСТРАЖУВАЧКИ ИЗВЕШТАЈ

# РАЗЛИКА ВО ПЛАТИ ВРЗ ОСНОВА НА ПОЛ НА НАЦИОНАЛНО НИВО

декември, 2015 година

**Публикација: Истражувачки извештај: Разлика во плати врз основа на пол на национално ниво**

**Уредник: д-р Жанета Попоска**

**Автор: проф. д-р Јован Ананиев**

**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**

**Лектура: Елена Георгиевска**

**Дизајн, уредување и печат: „Скенпоинт“**

**Тираж: 150 примероци**

**CIP - Каталогизација во публикација**

**Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје**

**331.2:305(047)**

**АНАНИЕВ, Јован**

**Истражувачки извештај : разлика во плати врз основ на пол на национално ниво / [Јован Ананиев]. - Скопје : ОБСЕ, 2015. - 57, 57 стр. : илустр. ; 30 см**

**Насл. стр. на припечатениот текст: Raporti hulumtues : dallimi në pagë në bazëtë gjinisë në nivel nacional / Jovan Ananiev. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и алб. јазик. - Предговор / Душко Миновски: стр. 4**

**ISBN 978-608-4788-01-0**

**I. Ananiev, Jovan види Ананиев, Јован**

**а) Плати - Родови аспекти - Извештаи**

**COBISS.MK-ID 100219658**

**Поддржано од:**

Organization for Security and Co-operation in Europe Mission to Skopje

**Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.**

# СОДРЖИНА

**Предговор** ... 4

**Вовед** ... 5

**1. МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** ... 6

**1.1. Цел на истражувањето** ... 6

**1.2. Хипотези** ... 6

**1.3. Истражувачки техники за собирање на податоци** ... 6

**1.4. Обработка на податоци** ... 13

**2. ИСТРАЖУВАЧКИ НАОДИ** ... 14

**2.1. Структура и број на вработени** ... 14

**2.2. Просечна нето-плата** ... 25

**3. ЗАКЛУЧОЦИ** ... 39

**4. ПРЕПОРАКИ** ... 40

# ПРЕДГОВОР

Комисијата за заштита од дискриминација во целокупниот период од своето постоење е потполно посветена на превенирање и заштита од дискриминација врз основа на пол. Половата рамноправност е доведена во прашање во различни сфери од општествениот живот, а, пред сè, во нееднаквиот третман на жената во однос на мажите. Вакви нееднаквости се евидентирани во сферата на работните односи, здравствената заштита, социјалните дејности, домувањето, образованието, политиката и слично. Комисијата постојано се стреми тој јаз на нееднаквост да се намалува и граѓаните и креаторите на политиките сè повеќе да бидат свесни за оваа појава.

И со претходното истражување кое се однесуваше на дискриминацијата во огласите за вработување спроведено во 2013 година, можеше да се заклучи дека во сферата на работните односи дискриминацијата на жената е очигледна а во одредени сектори дури и алармантна. Можноста жената да заработува подеднакво како и мажот и можноста да напредува во својата кариера е право кое треба да го обезбеди секој деловен субјект во државата.

Ова истражување овозможува податоци кои ќе и помогнат на Комисијата да констатира одредени ситуации на скриена дискриминација врз основа на полот и да предложи мерки во надминувањето на проблемите. Исто така, резултатите и препораките се корисни за креаторите на политиките, синдикалните организации и стопанските комори.

***Душко Миновски***

Претседател на Комисијата за заштита од дискриминација

# ВОВЕД

Истражувањето е спроведено со помош на пополнување на анкетни прашалници од страна на деловните субјекти во државата, определени по случаен избор врз основа на запазување на соодносот на бројот на деловните субјекти во одделни сектори на дејности со бројот на анкетираните деловни субјекти во конкретниот примерок и се внимаваше нивната дистрибуција да биде приближно сразмерна во зависност од планските региони. Податоците се добиени кумулативно на ниво на деловен субјект а единица на примерок е самиот деловен субјект. Со пресметување на средни вредности се добиени резултати кои се индикативни за предметот на истражувањето. Податоците се обработени во програмата SPSS со користење на филтри и добивање на фреквенции, вкрстувања и Хи - квадрат анализа. Приказот е статистички и на одредени места дескриптивен со простор на заклучоци кои може да произлезат од извештајот, а кои не се наведени во анализата.

Резултатите се групирани во два дела: приказ на бројот на вработени и приказ на платите. Преку приказ и анализа на бројот на вработени, може да се утврди дали има значително отстапување меѓу бројот на вработени мажи и жени и поконкретно, дали има значително отстапување во рамките на одделни етнички структури, лица со попреченост и планските региони, но видено врз основа на пол. Исто така, може да се констатираат факти кои укажуваат на дистрибуцијата на работните места помеѓу мажите и жените во зависност од големината на деловниот субјект.

Во вториот дел, преку просечната плата на ниво на деловен субјект и преку средните вредности, може да се утврди разликата на национално ниво, но и по одделни сектори на дејности, региони, и кај лицата со попреченост, анализирано преку соодносот на платите меѓу мажите и жените.

Статистичките податоци добиени преку истражувањето овозможуваат да се тестираат и дополнителни хипотези. Заклучоците и препораките од анализата треба да придонесат кон статистичко докажување на дискриминацијата на жените, но и на лицата со попреченост и аргумент во борбата против овој феномен. Секое креирање на одредена политика отпочнува со првична анализа, а оваа треба да даде само придонес кон досегашните анализа за да помогнат во изнаоѓање на модели за надминување на состојбата. Но, треба да им помогне и на синдикатите и стопанските комори да добијат пореална слика за да отпочнат со преземање на мерки за намалување на јазот во платите.

# 1. МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.1. Цел на истражувањето

- Да се утврди моменталната фактичка состојба во разликите во плати меѓу мажите и жените;
- Да се утврди разликата во плати меѓу лицата кои се и кои не се категоризирани како лица со попреченост;
- Да се утврди разликата во плати меѓу мажите и жените коишто се категоризирани како лица со попреченост;
- Да се добијат информации за спецификата за разликата во плати помеѓу мажите и жените во одделни сектори на дејности;
- Да се добијат информации за разликите во плати меѓу мажите и жените во одделни плански региони;
- Да се добијат информации за поврзаноста меѓу секторот на дејноста и платата кај лицата со попреченост мажи и жени;
- Да се добијат информации за поврзаноста меѓу секторот на дејноста и етничката припадност видена преку половата структура,и
- Да се добијат информации за соодносот на раководната структура меѓу мажите и жените и нивната застапеност во одделни сектори.

## 1.2. Хипотези

<table>
<tr><th colspan="2"><u>Главна хипотеза на истражувањето</u></th></tr>
<tr><td colspan="2">На национално ниво се претпоставува дека има индиректна дискриминација на жената во областа на работните односи во однос на висината на платата меѓу мажите и жените, <u>којашто се манифестира во приватниот сектор</u> и е резултат на економски, социокултурни и историски фактори и во <u>јавниот и во приватниот сектор</u> преку помалиот процент на застапеност на раководни позиции, кое е основа и за добивање на помала плата.</td></tr>
<tr><td><u>Посебна хипотеза 1:</u></td><td>На национално ниво се претпоставува дека има индиректна дискриминација во областа на работните односи во однос на висината на платата меѓу мажите и жените којашто <u>најмногу е изразена во секторите на производството и услужните дејности.</u></td></tr>
<tr><td><u>Посебна хипотеза 2:</u></td><td>На национално ниво се претпоставува дека има индиректна дискриминација во областа на работните односи во однос на висината на платата меѓу мажите и жените којашто <u>многу често е комбинирана со други основи на дискриминација.</u></td></tr>
</table>

## 1.3. Истражувачки техники за собирање на податоци

Подготвителната анализа покажа дека Државниот завод за статистика има евиденција за плати по одделни сектори засновани на примерок од 4.000 избрани деловни субјекти. Но, бидејќи сите го немаат пополнето податокот за плата базиран на пол, ваквите податоци не се комплетни и затоа Заводот не ги прикажува. Ова е причината зошто во истражувањето не се користени показатели од споменатото истражување и не може да се тестира одредена корелација на резултатите.

### 1.3.1. Фази во собирањето на податоците

#### 1.3.1.1. Добивање на податоци за деловните субјекти од Централниот регистар

Комплетирање на базата на деловни субјекти од Централниот регистар, од регистарот на трговски друштва и регистарот на останатите правни лица кои се запишани во регистрите. Потребно е оваа база да биде претставена врз основа на општините каде што е регистриран деловниот субјект и да ги содржи следниве податоци:

- Име на деловниот субјект;
- Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС);
- Име на општината каде е регистриран;
- адреса;

- Сектор на дејност во кој функционира (примарната дејност, доколку има наведено повеќе дејности);
- Големина на деловниот субјект според бројот на вработени.

### 1.3.1.2. Дефинирање на примерок за истражување и број на деловни субјекти до коишто се доставени прашалниците

Вкупниот број на активни деловни субјекти во 2014 година изнесува 70.659. Ако се знае дека 3.972 деловни субјекта немаат ниту еден вработен а 60.215 имаат од еден до девет вработени (што значи дека е голем процентот од нив кои имаат само по еден вработен), примерокот од 500 деловни субјекти е репрезентативен околу 1% и е сосема задоволителен за да се добијат релевантни податоци, и статистичката грешка да биде сведена на минимум. Подолу, во табелата, се наведени податоци по колку деловни субјекти од одделните дејности се опфатени. Запазена е репрезентативноста на примерокот, но само врз основа на бројот на деловните субјекти врз основа на секторот на дејноста. При селекцијата на деловните субјекти земени се предвид големината на субјектот и регионот во кој дејствува , но тоа не е критериум за репрезентативност. Во табелата број 1 е претставен примерокот, односно во првата колона е наведен секторот на дејствување, во втората колона е даден бројот на деловните субјекти во соодветниот сектор, во третата колона е поместен процентот а во четвртата колона е даден бројот на деловни субјекти кои ќе бидат единици на анализа во ова истражување. Сразмерноста е запазена кај секторите на дејности кои се застапени со повеќе од 1% според бројот на деловните субјекти. Останатите се групираат и кај нив ќе се анализираат вкупно 10 деловни субјекти, бидејќи нивниот вкупен процент на застапеност е 2,2%.

***Табела број 1.***

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Земјоделство, шумарство и рибарство.** | 2 842 | 4,0 | 20 |
| **Рударство и вадење на камен.** | 180 | 0,3 | |
| **Преработувачка индустрија** | 7 675 | 10,9 | 55 |
| **Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | 151 | 0,2 | |
| **Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината.** | 298 | 0,4 | |
| **Градежништво.** | 4 349 | 6,2 | 30 |
| **Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли.** | 24 674 | 34,9 | 170 |
| **Транспорт и складирање.** | 5 919 | 8,4 | 40 |
| **Објекти за сместување и сервисни дејности со храна.** | 4 493 | 6,4 | 30 |
| **Информации и комуникации,** | 1 475 | 2,1 | 10 |
| **Финансиски дејности и дејности на осигурување.** | 400 | 0,6 | |
| **Дејности во врска со недвижен имот.** | 507 | 0,7 | |
| **Стручни, научни и технички дејности** | 6 095 | 8,6 | 40 |
| **Административни и помошни услужни дејности.** | 1 554 | 2,2 | 10 |
| **Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување.** | 264 | 0,4 | |
| **Образование.** | 1 064 | 1,5 | 10 |
| **Дејности на здравствена и социјална заштита.** | 3 322 | 4,7 | 25 |
| **Уметност, забава и рекреација.** | 1 185 | 1,7 | 20 |
| **Други услужни дејности.** | 4 212 | 6,0 | 30 |
| **Дејности на домаќинствата како работодавци; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби.** | - | - | - |
| **Дејности на екстра териториjални организации и тела.** | - | - | - |

#### 1.3.1.3 Доставување на прашалници до деловните субјекти

Комисијата за заштита од дискриминација со официјален допис до случајно избраните деловни субјекти врз основа на погореопишаните критериуми, го достави прашалникот кој е даден подолу. При ова, се потенцираше дека податоците коишто ќе ги дадат деловните субјекти исклучително се за потребите на ова истражување и нема да се користат за други цели а дискрецијата на податоците за секој деловен субјект ќе биде загарантирана.

---

---

## П Р А Ш А Л Н И К

За структурата на вработените и нивната нето-плата

1. Сектор на дејност на деловниот субјект *(ја заокружувате само онаа дејност којашто е примарна)

    1. Земјоделство, шумарство и рибарство.
    2. Рударство и вадење на камен.
    3. Преработувачка индустрија.
    4. Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација.
    5. Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината.
    6. Градежништво.
    7. Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и моторикли.
    8. Транспорт и складирање.
    9. Објекти за сместување и сервисни дејности со храна.
    10. Информации и комуникации.
    11. Финансиски дејности и дејности на осигурување.
    12. Дејности во врска со недвижен имот.
    13. Стручни, научни и технички дејности.
    14. Административни и помошни услужни дејности.
    15. Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување.
    16. Образование;

    дејности на здравствена и социјална заштита.

    17. Уметност, забава и рекреација.
    18. Други услужни дејности.
    19. Дејности на домаќинствата како работодавци; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби.
    20. Дејности на екстра територијални организации и тела

---

2. Општина каде е регистриран деловниот субјект --------------
3. Вкупен број на вработени: ----------------
4. Просечна нето-плата исплатена за месец мај 2015 година

| | Мажи | Шифра (пополнува Комисијата за заштита од дискриминација) | Жени | Шифра (пополнува Комисијата за заштита од дискриминација) |
|---|---|---|---|---|
| 5. **Број на вработени врз основа на пол** | | | | |
| 6. **Етничка припадност** | | | | |
| 1. Македонци | | 1 | | 2 |
| 2. Албанци | | 3 | | 4 |
| 3. Турци | | 5 | | 6 |
| 4. Роми | | 7 | | 8 |
| 5. Срби | | 9 | | 10 |
| 6. Власи | | 11 | | 12 |
| 7. Бошњаци | | 13 | | 14 |
| 7. **Државјанство** | | | | |
| 1. Македонско | | 1 | | 2 |
| 2. Странско | | 3 | | 4 |
| 8. **Образование** | | | | |
| 1. Високо | | 1 | | 2 |
| 2. Средно | | 3 | | 4 |
| 3. Основно | | 5 | | 6 |
| 9. **Број на лица кои се категоризира-ни како лица со инвалидност** | | 1 | | 2 |
| 10. **Просечна нето-плата исплатена за месец мај 2015 година** | | 1 | | 2 |
| 11. **Просечна нето-плата исплатена за месец мај 2015 година, кај лицата со инвалидност** | | 1 | | 2 |
| 12. **Лица кои имаат раководна позиција** | | | | |

13. Колку е просечната нето-плата на вработените со високо образование исплатена за месец мај 2015 година -------------- денари
14. Колку е просечната нето-плата на вработените со средно образование исплатена за месец мај 2015 година ---------------- денари
15. Колку е просечната нето-плата на вработените со основно образование исплатена за месец мај 2015 година ---------------- денари

### 1.3.2. Добиени прашалници

Во овој дел неопходно е да се напомни дека од доставените 500 прашалници Комисијата доби одговорени 173 прашалници преку пошта или електронска пошта. Процесот на доставување на податоците беше продолжен а деловните субјекти, кои ги немаа доставено прашалниците беа потсетувани да го сторат тоа во продолжениот рок. Се констатира  дека повеќе од половината од деловните субјекти ги немаат доставено пополнети прашалниците со што, во одреден степен го стеснува примерокот и ја намалува репрезентативноста според секторот на дејност на деловните субјекти, којшто беше главен критериум за дизајн на примерокот. Во табелата број 2 и графиконот број 1 е прикажан истражувачкиот примерок врз основа на добиените прашалници.

## *Табела број 2.*

**Сектор на дејност на деловниот субјект**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Нема податок | 7 | 4,0 | 4,0 | 4,0 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство. | 9 | 5,2 | 5,2 | 9,2 |
| Рударство и вадење на камен. | 9 | 5,2 | 5,2 | 14,5 |
| Преработувачка индустрија. | 5 | 2,9 | 2,9 | 17,3 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација. | 4 | 2,3 | 2,3 | 19,7 |
| Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината. | 1 | ,6 | ,6 | 20,2 |
| Градежништво. | 12 | 6,9 | 6,9 | 27,2 |
| Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли. | 53 | 30,6 | 30,6 | 57,8 |
| Транспорт и складирање. | 8 | 4,6 | 4,6 | 62,4 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна. | 9 | 5,2 | 5,2 | 67,6 |
| Информации и комуникации. | 3 | 1,7 | 1,7 | 69,4 |
| Стручни, научни и технички дејности. | 4 | 2,3 | 2,3 | 71,7 |
| Административни и помошни услужни дејности. | 2 | 1,2 | 1,2 | 72,8 |
| Образование. | 5 | 2,9 | 2,9 | 75,7 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 7 | 4,0 | 4,0 | 79,8 |
| Други услужни дејности. | 30 | 17,3 | 17,3 | 97,1 |
| Дејности на домаќинствата како работодавци | 2 | 1,2 | 1,2 | 98,3 |
| Дејности на екстра територијални организации и тела. | 3 | 1,7 | 1,7 | 100,0 |
| Вкупно | 173 | 100,0 | 100,0 | |

## *Графикон број 1.*
## Сектор на дејност на деловниот субјект?




Во табелата број 3 и графиконот број 2 е претставен истиот примерок според планскиот регион од кој доаѓаат анализираните деловни субјекти.

## *Табела број 3.*

**Регион во кој е регистриран деловниот субјект**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| **Источен** | 10 | 5,8 | 5,8 | 5,8 |
| **Југоисточен** | 14 | 8,1 | 8,1 | 13,9 |
| **Вардарски** | 25 | 14,5 | 14,5 | 28,3 |
| **Пелагониски** | 12 | 6,9 | 6,9 | 35,3 |
| **Југозападен** | 12 | 6,9 | 6,9 | 42,2 |
| **Полошки** | 17 | 9,8 | 9,8 | 52,0 |
| **Скопски** | 59 | 34,1 | 34,1 | 86,1 |
| **Североисточен** | 14 | 8,1 | 8,1 | 94,2 |
| **Нема податок** | 10 | 5,8 | 5,8 | 100,0 |
| **Вкупно** | **173** | **100,0** | **100,0** | |

*Графикон број 2.*

## Регион во кој е регистриран деловниот субјект?




Во табелата број 4 и графиконот број 3 е претставен истиот примерок според вкупниот број на вработени во анализираните деловни субјекти.

*Табела број 4.*

| Вкупен број на вработени | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Нема вработени | 1 | ,6 | ,6 | ,6 |
| Еден вработен | 2 | 1,2 | 1,2 | 1,7 |
| Од 2 до 10 вработени | 11 | 6,4 | 6,4 | 8,1 |
| Од 11 до 20 вработени | 47 | 27,2 | 27,2 | 35,3 |
| Од 21 до 30 вработени | 33 | 19,1 | 19,1 | 54,3 |
| Од 31 до 40 вработени | 15 | 8,7 | 8,7 | 63,0 |
| Од 41 до 50 вработени | 13 | 7,5 | 7,5 | 70,5 |
| Од 51 до 60 вработени | 10 | 5,8 | 5,8 | 76,3 |
| Од 61 до 70 вработени | 6 | 3,5 | 3,5 | 79,8 |
| Од 71 до 80 вработени | 5 | 2,9 | 2,9 | 82,7 |
| Од 81 до 90 вработени | 3 | 1,7 | 1,7 | 84,4 |
| Од 91 до 100 вработени | 2 | 1,2 | 1,2 | 85,5 |
| Повеќе од 100 вработени | 21 | 12,1 | 12,1 | 97,7 |
| Нема податок | 4 | 2,3 | 2,3 | 100,0 |
| Вкупно | 173 | 100,0 | 100,0 | |

*Графикон број 3.*
**Вкупен број на вработени**




### 1.4. Обработка на податоци

Доставените прашалници од деловните субјекти до Комисијата за заштита од дискриминација, најпрво, беа контролирани за да се отстранат извесни логички грешки во податоците и потоа се пристапи кон т.н. затворање на отворените прашања преку давање на кодови за групираните податоци (на пример, доколку просечната плата на ниво на деловен субјект е 23.000 денари, овој податок ќе се вклопи во модалитетот од 21.000 до 30.000 денари на којшто му се дава одреден код). Потоа се пристапи кон дефинирање на променливите во софтверот за статистичка обработка во општествените науки SPSS и дефинирање на вредностите, односно модалитетите. Врз основа на протоколот за кодирање, секој одговор или група на одговори во прашалникот доби свој код и се пристапи кон внесување на податоците од секој прашалник. Поради контрола на ефикасноста и точноста на вносот на податоци, секој прашалник доби шифра која истовремено е и бројот на редот на ќелиите каде што се внесува прашалникот, односно секој ред го претставува прашалникот.

Обработката отпочна со филтрирање, односно со отстранување на оние кодови коишто претставуваат „нема податок“ или „нема одговор“ или, пак, означуваат „податок нула“ за да се добие примерок во однос на секоја променлива со податливост од 100%. Потоа се пристапи кон елементарно добивање на фреквенции за зависните променливи, вкрстување на независна со зависна променлива, вкрстување на независна со две зависни променливи, утврдување на средини, линеарни прогресии и тестирање на хипотези.

***Претходни напомени при толкувањето на податоците***

Ова истражување е направено врз основа на прашалници доставени до деловните субјекти. Единица на примерокот се деловните субјекти а не вработените и затоа резултатите се однесуваат на нив. Податоците коишто се добиваат за вработените лица, како што беше кажано, се групираат и затоа станува збор за интерпретација на групирани податоци. Кога станува збор за споредба на плати, бидејќи се зависни променливи, не се бара корелација меѓу нив, туку се прави само споредба и нивното прикажување не е преку меѓу зависност туку преку споредба на средни вредности.

# 2. ИСТРАЖУВАЧКИ НАОДИ

## 2.1. Структура и број на вработени

### Пол

Од истражувачките резултати евидентно е дека доминираат оние деловни субјекти во коишто **бројот на вработени** е од 11 до 20, а потоа со мала разлика во проценти следуваат оние со 21 до 30 вработени. Во 58 деловни субјекти бројот на мажи е од 11 до 20 а во 41 деловен субјект бројот на вработени мажи е од 2 до 10 вработени. Во 73 деловни субјекти бројот на вработени жени е од 2 до 10 а во 41 деловен субјект бројот на вработени жени е од 11 до 20 вработени. Во табелите број 5 и број 6 и соодветно во графиконите број 4 и 5 детално е прикажан бројот на вработени лица врз основа на пол во анализираните деловни субјекти.

*Табела број 5.*

**Број на вработени врз основа на пол (мажи)**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Еден вработен | 4 | 2,3 | 2,5 | 2,5 |
| Од 2 до 10 вработени | 41 | 23,7 | 25,3 | 27,8 |
| Од 11 до 20 вработени | 58 | 33,5 | 35,8 | 63,6 |
| Од 21 до 30 вработени | 20 | 11,6 | 12,3 | 75,9 |
| Од 31 до 40 вработени | 14 | 8,1 | 8,6 | 84,6 |
| Од 41 до 50 вработени | 5 | 2,9 | 3,1 | 87,7 |
| Од 51 до 60 вработени | 2 | 1,2 | 1,2 | 88,9 |
| Од 61 до 70 вработени | 2 | 1,2 | 1,2 | 90,1 |
| Од 71 до 80 вработени | 4 | 2,3 | 2,5 | 92,6 |
| Од 81 до 90 вработени | 2 | 1,2 | 1,2 | 93,8 |
| Повеќе од 100 вработени | 10 | 5,8 | 6,2 | 100,0 |
| Вкупно | 162 | 93,6 | 100,0 | |
| Нема вработени | 6 | 3,5 | | |
| Нема податок | 5 | 2,9 | | |
| Вкупно | 11 | 6,4 | | |
| Вкупно | 173 | 100,0 | | |

*Графикон број 4.*




**Број на вработени врз основа на пол (мажи)**

*Табела број 6.*

**Број на вработени врз основа на пол (жени)**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Еден вработен | 8 | 4,6 | 4,9 | 4,9 |
| Од 2 до10 вработени | 73 | 42,2 | 45,1 | 50,0 |
| Од 11 до 20 вработени | 28 | 16,2 | 17,3 | 67,3 |
| Од 21 до 30 вработени | 15 | 8,7 | 9,3 | 76,5 |
| Од 31 до 40 вработени | 12 | 6,9 | 7,4 | 84,0 |
| Од 41 до 50 вработени | 6 | 3,5 | 3,7 | 87,7 |
| Од 51 до 60 вработени | 3 | 1,7 | 1,9 | 89,5 |
| Од 61 до 70 вработени | 4 | 2,3 | 2,5 | 92,0 |
| Од 71 до 80 вработени | 1 | ,6 | ,6 | 92,6 |
| Од 81 до 90 вработени | 1 | ,6 | ,6 | 93,2 |
| Повеќе од 100 вработени | 11 | 6,4 | 6,8 | 100,0 |
| Вкупно | 162 | 93,6 | 100,0 | |
| Нема вработени | 6 | 3,5 | | |
| Нема податок | 5 | 2,9 | | |
| Вкупно | 11 | 6,4 | | |
| Вкупно | 173 | 100,0 | | |

*Графикон број 5.*




**Број на вработени врз основа на пол (жени)**

## Етничка припадност

**Македонките** се застапени во 86% од деловните субјекти и претежно во оние деловни субјекти во кои бројот на Македонки е од 2 до 10 вработени. **Македонците** се застапени во 92% од деловните субјекти од коишто повеќе од половината се вработени во деловни субјекти од 2 до 10 вработени и од 11 до 20 вработени Македонци. Во табелите број 7 и 8 детално е прикажан бројот на вработени лица од македонската етничка заедница разделен по пол и етничка припадност.

### *Табела број 7.*

**Број на вработени врз основа на етничка припадност- Македонки**

| | | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| Точен | Еден вработен | 9 | 5,2 | 6,0 | 6,0 |
| | Од 2 до 10 вработени | 68 | 39,3 | 45,6 | 51,7 |
| | Од 11 до 20 вработени | 29 | 16,8 | 19,5 | 71,1 |
| | Од 21 до 30 вработени | 13 | 7,5 | 8,7 | 79,9 |
| | Од 31 до 40 вработени | 11 | 6,4 | 7,4 | 87,2 |
| | Од 41 до 50 вработени | 2 | 1,2 | 1,3 | 88,6 |
| | Од 51 до 60 вработени | 2 | 1,2 | 1,3 | 89,9 |
| | Од 61 до 70 вработени | 4 | 2,3 | 2,7 | 92,6 |
| | Од 81 до 90 вработени | 1 | ,6 | ,7 | 93,3 |
| | Повеќе од 100 вработени | 10 | 5,8 | 6,7 | 100,0 |
| | Вкупно | 149 | 86,1 | 100,0 | |
| | Нема вработени | 19 | 11,0 | | |
| | Нема податок | 5 | 2,9 | | |
| | Вкупно | 24 | 13,9 | | |
| | Вкупно | 173 | 100,0 | | |

### *Табела број 8.*

**Број на вработени врз основа на етничка припадност - Македонци (мажи)**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Еден вработен | 5 | 2,9 | 3,1 | 3,1 |
| Од 2 до 10 вработени | 57 | 32,9 | 35,8 | 39,0 |
| Од 11 до 20 вработени | 47 | 27,2 | 29,6 | 68,6 |
| Од 21 до 30 вработени | 14 | 8,1 | 8,8 | 77,4 |
| Од 31 до 40 вработени | 13 | 7,5 | 8,2 | 85,5 |
| Од 41 до 50 вработени | 4 | 2,3 | 2,5 | 88,1 |
| Од 51 до 60 вработени | 3 | 1,7 | 1,9 | 89,9 |
| Од 61 до 70 вработени | 3 | 1,7 | 1,9 | 91,8 |
| Од 71 до 80 вработени | 4 | 2,3 | 2,5 | 94,3 |
| Повеќе од 100 вработени | 9 | 5,2 | 5,7 | 100,0 |
| Вкупно | 159 | 91,9 | 100,0 | |
| Нема вработени | 9 | 5,2 | | |
| Нема податок | 5 | 2,9 | | |
| Вкупно | 14 | 8,1 | | |
| Вкупно | 173 | 100,0 | | |

**Албанките** се застапени во приближно 17% од вкупниот број на анкетирани деловни субјекти и од нив, во значително доминантен број се вработени во деловни субјекти каде што има вработено од 2 до 10 вработени. **Мажите од албанската етничка заедница** се застапени во 32% од вкупниот број на деловни субјекти а најголемиот дел од нив се застапени во деловните субјекти коишто имаат од 2 до 10 вработено Албанци.

И во двата случаја, и кај Албанките и кај Албанците, може да се заклучи дека не се доволно застапени во соодветен број на деловни субјекти, доколку се направи споредба со останатите етнички заедници. Ова се претпоставува дека се должи на фактот што тие се концентрирани во неколку плански региони и затоа, во деловните субјекти коишто дејствуваат во останатите плански региони тие не се присутни. Во табелите број 9 и број 10 детално е прикажан бројот на вработени лица од албанската етничка заедница разделен по пол и етничка припадност.

## *Табела број 9.*

**Број на вработени врз основа на етничка припадност - Албанки**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Еден вработен | 8 | 4,6 | 27,6 | 27,6 |
| Од 2 до 10 вработени | 19 | 11,0 | 65,5 | 93,1 |
| Од 21 до 30 вработени | 1 | ,6 | 3,4 | 96,6 |
| Од 31 до 40 вработени | 1 | ,6 | 3,4 | 100,0 |
| Вкупно | 29 | 16,8 | 100,0 | |
| Нема вработени | 140 | 80,9 | | |
| Нема податок | 4 | 2,3 | | |
| Вкупно | 144 | 83,2 | | |
| Вкупно | 173 | 100,0 | | |

## *Табела број 10.*

**Број на вработени врз основа на етничка припадност - Албанци (мажи)**

| | | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| Точен | Еден вработен | 18 | 10,4 | 32,7 | 32,7 |
| | Од 2 до 10 вработени | 27 | 15,6 | 49,1 | 81,8 |
| | Од 11 до 20 вработени | 4 | 2,3 | 7,3 | 89,1 |
| | Од 21 до 30 вработени | 4 | 2,3 | 7,3 | 96,4 |
| | Од 41 до 50 вработени | 1 | 0,6 | 1,8 | 98,2 |
| | Од 71 до 80 вработени | 1 | 0,6 | 1,8 | 100,0 |
| | Вкупно | 55 | 31,8 | 100,0 | |
| | Нема вработени | 114 | 65,9 | | |
| | Нема податок | 4 | 2,3 | | |
| | Вкупно | 118 | 68,2 | | |
| | Вкупно | 173 | 100,0 | | |

**Жените од турската етничка заедница** се застапени во 5% од деловните субјекти, односно 9 деловни субјекти, од кои, во 55% има само по една вработена Турчинка. **Мажите припадници на турската етничка заедница** се застапени во 10% од деловните субјекти, од кои во повеќе од половината се застапени од 2 до 10 Турци. Во табелите број 11 и број 12 детално е прикажан бројот на вработени лица од турската етничка заедница разделен по пол и етничка припадност.

## *Табела број 11.*

**Број на вработени врз основа на етничка припадност - Турчинки**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Еден вработен | 5 | 2,9 | 55,6 | 55,6 |
| Од 2 до 10 вработени | 3 | 1,7 | 33,3 | 88,9 |
| Од 11 до 20 вработени | 1 | ,6 | 11,1 | 100,0 |
| Вкупно | 9 | 5,2 | 100,0 | |
| Нема вработени | 160 | 92,5 | | |
| Нема податок | 4 | 2,3 | | |
| Вкупно | 164 | 94,8 | | |
| Вкупно | 173 | 100,0 | | |

## *Табела број 12.*

**Број на вработени врз основа на етничка припадност - Турци (мажи)**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Еден вработен | 8 | 4,6 | 47,1 | 47,1 |
| Од 2 до 10 вработени | 9 | 5,2 | 52,9 | 100,0 |
| Вкупно | 17 | 9,8 | 100,0 | |
| Нема вработени | 152 | 87,9 | | |
| Нема податок | 4 | 2,3 | | |
| Вкупно | 156 | 90,2 | | |
| Вкупно | **173** | **100,0** | | |

**Жените припаднички на српската етничка заедница** се застапени во 7% од деловните субјекти, при што, половина од нив се застапени во деловните субјекти со еден вработен а другата половина е застапена во деловните субјекти од 2 до 10 вработени Србинки. **Мажите припадници на српската етничка заедница** се застапени во 9% од деловните субјекти, од кои доминантно поголем број се застапени во оние деловни субјекти кои се со еден вработен Србин. Во табелите број 13 и број 14 детално е прикажан бројот на вработени лица од српската етничка заедница разделен по пол и етничка припадност.

## *Табела број 13.*

**Број на вработени врз основа на етничка припадност- Србинки**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Еден вработен | 6 | 3,5 | 50,0 | 50,0 |
| Од 2 до 10 вработени | 6 | 3,5 | 50,0 | 100,0 |
| Вкупно | 12 | 6,9 | 100,0 | |
| Нема вработени | 158 | 91,3 | | |
| Нема податок | 3 | 1,7 | | |
| Вкупно | 161 | 93,1 | | |
| Вкупно | **173** | **100,0** | | |

## *Табела број 14.*

**Број на вработени врз основа на етничка припадност - Срби (мажи)**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Еден вработен | 10 | 5,8 | 62,5 | 62,5 |
| Од 2 до 10 вработени | 4 | 2,3 | 25,0 | 87,5 |
| Од 11 до 20 вработени | 1 | ,6 | 6,3 | 93,8 |
| Од 21 до 30 вработени | 1 | ,6 | 6,3 | 100,0 |
| Вкупно | 16 | 9,2 | 100,0 | |
| Нема вработени | 154 | 89,0 | | |
| Нема податок | 3 | 1,7 | | |
| Вкупно | 157 | 90,8 | | |
| Вкупно | 173 | 100,0 | | |

**Жените припаднички на ромската етничка заедница** се застапени во 8% од деловните субјекти, коишто се доминантно застапени и во коишто деловни субјекти има до една вработена Ромка. **Мажите Роми** се застапени во 12% од деловните субјекти и тоа, речиси, подеднакво во оние во коишто има еден вработен Ром или, пак, во оние во коишто бројот на вработени Роми е од 2 до 10 лица. Во табелите број 15 и број 16 детално е прикажан бројот на вработени лица од ромската етничка заедница разделен по пол и етничка припадност.

## *Табела број 15.*

**Број на вработени врз основа на етничка припадност - Ромки**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Еден вработен | 11 | 6,4 | 78,6 | 78,6 |
| Од 2 до 10 вработени | 3 | 1,7 | 21,4 | 100,0 |
| Вкупно | 14 | 8,1 | 100,0 | |
| Нема вработени | 156 | 90,2 | | |
| Нема податок | 3 | 1,7 | | |
| Вкупно | 159 | 91,9 | | |
| Вкупно | 173 | 100,0 | | |

## *Табела број 16.*

**Број на вработени врз основа на етничка припадност - Роми (мажи)**

| | | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | Еден еден вработен | 10 | 5,8 | 47,6 | 47,6 |
| | Од 2 до 10 вработени | 11 | 6,4 | 52,4 | 100,0 |
| | Вкупно | 21 | 12,1 | 100,0 | |
| | Нема вработени | 149 | 86,1 | | |
| | Нема податок | 3 | 1,7 | | |
| | Вкупно | 152 | 87,9 | | |
| | Вкупно | 173 | 100,0 | | |

**Влаинките** се застапени во 7,5% од деловните субјекти а значително доминантно ги има во оние деловни субјекти во коишто има вработено само една Влаинка. **Мажите припадници на влашката етничка заедница** се застапени во 4,6% од деловните субјекти со значително доминантна застапеност во деловните субјекти каде што нивниот број е од 2 до 10 вработени. Во табелите број 17 и број 18 детално е прикажан бројот на вработени лица од влашката етничка заедница разделен по пол и етничка припадност.

*Табела број 17.*

**Број на вработени врз основа на етничка припадност -Влаинки**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Еден вработен | 10 | 5,8 | 76,9 | 76,9 |
| Од 2 до 10 вработени | 3 | 1,7 | 23,1 | 100,0 |
| Вкупно | 13 | 7,5 | 100,0 | |
| Нема вработени | 157 | 90,8 | | |
| Нема податок | 3 | 1,7 | | |
| Вкупно | 160 | 92,5 | | |
| Вкупно | 173 | 100,0 | | |

*Табела број 18.*

**Број на вработени врз основа на етничка припадност - Власи (мажи)**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Еден вработен | 2 | 1,2 | 25,0 | 25,0 |
| Од 2 до 10 вработени | 6 | 3,5 | 75,0 | 100,0 |
| Вкупно | 8 | 4,6 | 100,0 | |
| Нема вработени | 162 | 93,6 | | |
| Нема податок | 3 | 1,7 | | |
| Вкупно | 165 | 95,4 | | |
| Вкупно | 173 | 100,0 | | |

**Бошњачките** се застапени во 5% од деловните субјекти и тоа во најголем број онаму каде што има од 2 до 10 вработени. **Мажите припадници на бошњачката етничка заедница** се застапени во 4% од деловните субјекти, во најголем број онаму каде што се застапени од 2 до 10 вработени. Во табелата број 19 детално е прикажан бројот на вработени лица од бошњачката етничка заедница разделен по пол и етничка припадност.

*Табела број 19.*

**Број на вработени врз основа на етничка припадност - Бошњачки**

| | | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| Точен | Еден вработен | 3 | 1,7 | 33,3 | 33,3 |
| | Од 2 до 10 вработени | 4 | 2,3 | 44,4 | 77,8 |
| | Од 31 до 40 вработени | 1 | ,6 | 11,1 | 88,9 |
| | Од 71 до 80 вработени | 1 | ,6 | 11,1 | 100,0 |
| | Вкупно | 9 | 5,2 | 100,0 | |
| | Нема вработени | 161 | 93,1 | | |
| | Нема податок | 3 | 1,7 | | |
| | Вкупно | 164 | 94,8 | | |
| | Вкупно | 173 | 100,0 | | |

## Вработеност на странци

**Мажите странци** се вработени во 5% од вкупниот број опфатени деловни субјекти и тоа во најголем број во оние каде што е вработен само еден странец. Ж**ените со странско државјанство** се вработени во приближно 4% од деловните субјекти, и тоа, речиси, приближно во оние деловни субјекти кои имаат вработено само една жена странец и оние кои имаат вработено од 2 до 10 жени со странско државјанство. Во табелите број 20 и број 21 детално е прикажан бројот на странски вработени лица разделен по пол и странско државјанство.

*Табела број 20.*

**Број на вработени врз основа на странско државјанство (мажи)**

| | | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| Точен | Еден вработен | 5 | 2,9 | 55,6 | 55,6 |
| | Од 2 до 10 вработени | 2 | 1,2 | 22,2 | 77,8 |
| | Од 11 до 20 вработени | 1 | ,6 | 11,1 | 88,9 |
| | Од 21 до 30 вработени | 1 | ,6 | 11,1 | 100,0 |
| | Вкупно | 9 | 5,2 | 100,0 | |
| | Нема вработени | 162 | 93,6 | | |
| | Нема податок | 2 | 1,2 | | |
| | Вкупно | 164 | 94,8 | | |
| | Вкупно | 173 | 100,0 | | |

*Табела број 21.*

**Број на вработени врз основа на странско државјанство (жени)**

| | | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| Точен | Еден вработен | 3 | 1,7 | 42,9 | 42,9 |
| | Од 2 до 10 вработени | 4 | 2,3 | 57,1 | 100,0 |
| | Вкупно | 7 | 4,0 | 100,0 | |
| | Нема вработени | 163 | 94,2 | | |
| | Нема податок | 3 | 1,7 | | |
| | Вкупно | 166 | 96,0 | | |
| | Вкупно | 173 | 100,0 | | |

## Вработеност на лица со попреченост

Податоците покажуваат затвореност на деловните субјекти кон **лицата со попреченост.** Само 7,5% од деловните субјекти имаат вработено **мажи со попреченост** и тоа во значително доминантен процент во деловните субјекти во коишто тие се вработени од 2 до 10 лица, со што доаѓаме до заклучокот дека најголем дел од деловните субјекти се обидуваат да го запазат минималниот број на лица со попреченост за да ги добијат бенефициите како заштитни друштва. И во случајот со **жените со попреченост,** заклучокот е ист, само што процентот овде е околу 5. Во табелите број 22 и број 23 детално е прикажан бројот на вработени лица со попреченост разделени по пол и попреченост.

*Табела број 22.*

**Број на лица кои се категоризирани како лица со попреченост (мажи)**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Еден вработен | 2 | 1,2 | 15,4 | 15,4 |
| Од 2 до 10 вработени | 10 | 5,8 | 76,9 | 92,3 |
| Од 11 до 20 вработени | 1 | 0,6 | 7,7 | 100,0 |
| Вкупно | 13 | 7,5 | 100,0 | |
| Нема вработени | 157 | 90,8 | | |
| Нема податок | 3 | 1,7 | | |
| Вкупно | 160 | 92,5 | | |
| Вкупно | 173 | 100,0 | | |

*Табела број 23.*

**Број на лица кои се категоризирани како лица со попреченост (жени)**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| Еден вработен | 1 | ,6 | 11,1 | 11,1 |
| Од 2 до 10 вработени | 7 | 4,0 | 77,8 | 88,9 |
| Од 11 до 20 вработени | 1 | ,6 | 11,1 | 100,0 |
| Вкупно | 9 | 5,2 | 100,0 | |
| Нема вработени | 161 | 93,1 | | |
| Нема податок | 3 | 1,7 | | |
| Вкупно | 164 | 94,8 | | |
| Вкупно | 173 | 100,0 | | |

## Број на раководни лица според половата структура

**Мажите кои се на раководна позиција** се застапени со 55% од деловните субјекти а во најголем број од нив, во 36%, има само едно раководно лице. За повеќе информации види во графикон број 6.

*Графикон број 6.*

**Број на лица кои имаат раководна позиција (мажи)**




**Жените** за разлика од мажите се застапени во значително помал процент, односно во 36%, што претставува приближно 20% помалку во однос на мажите, од вкупниот број на деловни субјекти жените се застапени во раководните структури во одделни правни лица. Во рамките на ова, во повеќе од 40% од деловните субјекти во кои има раководител жена тие се застапени само со една раководителка. За повеќе информации види во графиконот број 7.

*Графикон број 7.*

## Број на лица кои имаат раководна позиција (жени)




*Графикон број 8.*




## Број на вработени по сектор на дејност на деловниот субјект

Chi-Square Tests

| | Value | Df | Asymp. Sig. (2-sided) |
|---|---|---|---|
| Pearson Chi-Square | 212,328[a] | 176 | 0,032 |
| Likelihood Ratio | 168,202 | 176 | ,650 |
| Linear-by-Linear Association | ,393 | 1 | ,531 |
| N of Valid Cases | 163 | | |
| a. 199 cells (97,5%) have expected Бр. less than 5. The minimum expected Бр. is ,01. | | | |

**Од добиениот Хи - квадрат тест $X^2 = 0,032 < 0,05$, може да се заклучи дека постои зависност меѓу бројот на вработени и секторот на дејност.**

Chi-Square Tests

| | Value | Df | Asymp. Sig. (2-sided) |
|---|---|---|---|
| Pearson Chi-Square | 151,466[a] | 160 | 0,673 |
| Likelihood Ratio | 114,245 | 160 | ,998 |
| Linear-by-Linear Association | 2,831 | 1 | ,092 |
| N of Valid Cases | 155 | | |
| a. 182 cells (97,3%) have expected Бр. less than 5. The minimum expected Бр. is ,01. | | | |

**Од добиениот Хи - квадрат тест $X^2 = 0,673 > 0,5$, може да се заклучи дека не постои зависност меѓу секторот на дејност и бројот на вработени мажи.**

Chi-Square Tests

| | Value | Df | Asymp. Sig. (2-sided) |
|---|---|---|---|
| Pearson Chi-Square | 151,466[a] | 160 | 0,673 |
| Likelihood Ratio | 114,245 | 160 | ,998 |
| Linear-by-Linear Association | 2,831 | 1 | ,092 |
| N of Valid Cases | 155 | | |
| a. 182 cells (97,3%) have expected Бр. less than 5. The minimum expected Бр. is ,01. | | | |

**Од добиениот Хи - квадрат тест $X^2 = 0,610 > 0,05$, може да се заклучи дека не постои зависност меѓу секторот на дејност и бројот на вработени жени.**

Подолу во табелата број 24 се прикажани просечните вредности на бројот на вработени по одделни категории.

***Табела број 24.***

| Категорија | Просечна вредност |
|---|---|
| Број на вработени по фирма | 39,18 |
| Вработени мажи | 23,95 |
| Вработени жени | 21,54 |
| Вработени Македонци | 21,31 |
| Вработени Македонки | 18,54 |
| Вработени Албанци | 2,66 |
| Вработени Албанки | 1,05 |
| Вработени Срби | 0,43 |
| Вработени Србинки | 0,24 |
| Вработени Власи | 0,21 |
| Вработени Влаинки | 0,16 |
| Вработени Роми | 0,44 |
| Вработени Ромки | 0,17 |
| Вработени Турци | 0,36 |
| Вработени Турчинки | 0,22 |
| Вработени Бошњаци | 0,29 |
| Вработени Бошњачки | 0,79 |

| | |
|---|---|
| Вработени мажи со попреченост | 0,45 |
| Вработени жени со попреченост | 0,34 |
| Вработени мажи со македонско државјанство | 23,73 |
| Вработени жени со македонско државјанство | 18,47 |
| Вработени мажи со странско државјанство | 0,33 |
| Вработени жени со странско државјанство | 0,16 |
| Вработени мажи со високо образование | 5,72 |
| Вработени жени со високо образование | 5,83 |
| Вработени мажи со средно образование | 15,85 |
| Вработени жени со средно образование | 13,59 |
| Вработени мажи со основно образование | 3,12 |
| Вработени жени со основно образование | 1,61 |

Може да се заклучи дека посериозно отстапување од степенот на разлика на вкупниот број на мажи и вкупниот број на жени има во случајот на бројот на вработени Албанки во однос на вработени Албанци, бројот на вработени Ромки во однос на вработени Роми и работничките со основно образование во однос на работниците со основно образование. При анализата ако се земе предвид демографскиот сооднос меѓу мажите и жените, ќе се констатира дека овие три категории на жени се најмногу изолирани од сферата на работните односи.

## 2.2. Просечна нето-плата

Како што беше спомената во методолошкиот дел, од вкупно доставените 500 анкетни прашалници одговориле 173 деловни субјекти. Главната цел на истражувањето е да се утврди разликата во плати врз основа на полот. Доколку се има предвид дека единица на примерокот се деловните субјекти и се споредува просечната плата исплатена на ниво на деловен субјект, од табелата подолу и од графичкиот приказ ќе се утврди дека во приближно 1/3 од деловните субјекти просечната плата на мажите изнесува од 10.000 до 15.000 денари а втората третина се однесува на деловните субјекти кои исплатиле просечна плата од 15.000 до 25.000 денари. За повеќе информации види ги табелата број 25 и графиконот број 9.

*Табела број 25.*

**Просечна нето-плата исплатена за месец мај 2015 година (мажи)**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| 0 денари | 9 | 5,2 | 5,4 | 5,4 |
| До 10.000 денари | 10 | 5,8 | 6,0 | 11,3 |
| Од 10.000 до 15.000 денари | 49 | 28,3 | 29,2 | 40,5 |
| Од 15.000 до 20.000 денари | 31 | 17,9 | 18,5 | 58,9 |
| Од 20.000 до 25.000 денари | 31 | 17,9 | 18,5 | 77,4 |
| Од 25.000 до 30.000 денари | 12 | 6,9 | 7,1 | 84,5 |
| Од 30.000 до 35.000 денари | 10 | 5,8 | 6,0 | 90,5 |
| Од 35.000 до 40.000 денари | 4 | 2,3 | 2,4 | 92,9 |
| Од 45.000 до 50.000 денари | 1 | ,6 | ,6 | 93,5 |
| Повеќе од 50.000 | 11 | 6,4 | 6,5 | 100,0 |
| Вкупно | 168 | 97,1 | 100,0 | |
| Нема податок | 5 | 2,9 | | |
| Вкупно | 173 | 100,0 | | |

*Графикон број 9.*




**Просечна нето-плата исплатена за месец мај 2015 година (мажи)**

Погоре во текстот беше споменато дека само во околу 9% од истражените деловни субјекти има вработено **мажи со попреченост,** сепак, и во рамките на овие деловни субјекти може да се заклучи дека приближно 2/3 од деловните субјекти исплатиле плата од 10.000 до 15. 000 денари. Споредено со платата исплатена на мажите без попреченост ќе се констатира дека е двојно поголем бројот на деловни субјекти кои исплатиле ваква плата кај мажите со попреченост. За повеќе информации види ги табелата број 26 и графиконот број 10.

*Табела број 26.*

**Просечна нето-плата исплатена за месец мај 2015 година кај лица со попреченост (мажи)**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| До 10. 000 денари | 3 | 1,7 | 20,0 | 20,0 |
| Од 10. 000 до 15. 000 денари | 9 | 5,2 | 60,0 | 80,0 |
| Од 15. 000 до 20. 000 денари | 2 | 1,2 | 13,3 | 93,3 |
| Повеќе од 50.000 денари | 1 | ,6 | 6,7 | 100,0 |
| Вкупно | 15 | 8,7 | 100,0 | |
| Нема вработени | 154 | 89,0 | | |
| Нема податок | 4 | 2,3 | | |
| Вкупно | 158 | 91,3 | | |
| Вкупно | 173 | 100,0 | | |

*Графикон број 10.*




## Просечна нето-плата исплатена за месец мај 2015 година кај лица со попреченост (мажи)

Во случајот со **просечната нето-плата на жените** може да се констатира дека приближно 7% повеќе деловни субјекти исплаќаат плата од 10.000 до 15.000 денари на жените во однос на мажите и приближно двојно помалку деловни субјекти исплаќаат просечна плата од 20.000 до 25.000 денари на жените во однос на мажите. За повеќе информации види ги табелата број 27 и графиконот број 11.

*Табела број 27.*

**Просечна нето-плата исплатена за месец мај 2015 година (жени)**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| До 10.000 денари | 10 | 5,8 | 6,7 | 6,7 |
| Од 10.000 до 15.000 денари | 63 | 36,4 | 42,0 | 48,7 |
| Од 15.000 до 20.000 денари | 28 | 16,2 | 18,7 | 67,3 |
| Од 20.000 до 25.000 денари | 15 | 8,7 | 10,0 | 77,3 |
| Од 25.000 до 30.000 денари | 15 | 8,7 | 10,0 | 87,3 |
| Од 30.000 до 35.000 денари | 7 | 4,0 | 4,7 | 92,0 |
| Од 35.000 до 40.000 денари | 3 | 1,7 | 2,0 | 94,0 |
| Од 40.000 до 45 000 денари | 1 | 0,6 | 0,7 | 94,7 |
| Од 45.000 до 50. 000 денари | 1 | 0,6 | 0,7 | 95,3 |
| Повеќе од 50. 000 денари | 7 | 4,0 | 4,7 | 100,0 |
| Вкупно | 150 | 86,7 | 100,0 | |
| Нема вработени | 17 | 9,8 | | |
| Нема податок | 6 | 3,5 | | |
| Вкупно | 23 | 13,3 | | |
| Вкупно | 173 | 100,0 | | |

*Графикон број 11.*




## Просечна нето-плата исплатена за месец мај 2015 година (жени)

**Жените со попреченост** се поставени во исклучително лоша позиција бидејќи 30% од деловните субјекти, коишто имаат вработено лица со попреченост, исплаќаат плата на жените до 10.000 денари а 50% исплаќаат плата од 10.000 до 15.000 денари. За повеќе информации види ги табелата број 28 и графиконот број 12.

*Табела број 28.*

**Просечна нето-плата исплатена за месец мај 2015 година кај лица со попреченост (жени)**

| | | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|---|
| Точен | До 10.000 денари | 3 | 1,7 | 30,0 | 30,0 |
| | Од 10.000 до 15.000 денари | 5 | 2,9 | 50,0 | 80,0 |
| | Од 15.000 до 20.000 денари | 1 | ,6 | 10,0 | 90,0 |
| | Од 40.000 до 45.000 денари | 1 | ,6 | 10,0 | 100,0 |
| | Вкупно | 10 | 5,8 | 100,0 | |
| | Нема вработени | 159 | 91,9 | | |
| | Нема податок | 4 | 2,3 | | |
| | Вкупно | 163 | 94,2 | | |
| | Вкупно | 173 | 100,0 | | |

*Графикон број 12.*




**Просечна нето плата исплатена за месец мај 2015 година кај лица со попреченост (жени)**

## Просечна нето-плата според образованието на вработените

Од добиените резултати претставени во табелата број 29 и графиконот број 13 се гледа дека просечната нето-плата исплатена за месец мај 2015 година за **вработените со високо образование** во 1/3 од деловните субјекти е пониска од просечната нето-плата според официјалната статистика на државно ниво.

*Табела број 29*

**Колку е просечната нето-плата на вработените со високо образование исплатена за месец мај 2015 година**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| **0 денари** | 19 | 11,0 | 11,1 | 11,1 |
| **До 10.000 денари** | 4 | 2,3 | 2,3 | 13,5 |
| **Од 10.000 до 15.000 денари** | 30 | 17,3 | 17,5 | 31,0 |
| **Од 15.000 до 20.000 денари** | 28 | 16,2 | 16,4 | 47,4 |
| **Од 20.000 до 25.000 денари** | 21 | 12,1 | 12,3 | 59,6 |
| **Од 25.000 до 30.000 денари** | 16 | 9,2 | 9,4 | 69,0 |
| **Од 30.000 до 35.000 денари** | 11 | 6,4 | 6,4 | 75,4 |
| **Од 35.000 до 40.000 денари** | 19 | 11,0 | 11,1 | 86,5 |
| **Од 40.000 до 45.000 денари** | 7 | 4,0 | 4,1 | 90,6 |
| **Од 45.000 до 50.000 денари** | 1 | ,6 | ,6 | 91,2 |
| **Повеќе од 50.000 денари** | 15 | 8,7 | 8,8 | 100,0 |
| **Вкупно** | 171 | 98,8 | 100,0 | |
| **Нема податок** | 2 | 1,2 | | |
| **Вкупно** | **173** | **100,0** | | |

*Графикон број 13.*

## Колку е просечната нето-плата на вработените со високо образование исплатена за месец мај 2015 година




Ако степенот на образование го земеме како еден од критериумите за разлика во плати а во случајов платите на вработените со високо образование како некаков репер, за **лицата со основно образование** состојбата е следна: околу половина од деловните субјекти немаат вработено лица со основно образование а од оние, пак, кои имаат вработено, повеќе од 2/3 им исплаќаат плата до 15.000 денари.

Образованието како основа за разлика во плати овде е претставено за да се добие една појасна слика за социјалната исклученост на одредени категории на граѓани и да се навлезе барем малку во доменот на социјалната нееднаквост, како и илустрација на една од причините за постоењето на ранливи групи на граѓани - лица со основно или без основно образование кои земаат минимален личен доход и се изложени на социјален ризик. Разликата во плати меѓу мажите и жените, како што е присутна на ниво на цела држава независно од образованието, присутна е приближно и истата диспропорционалност и нема индикативни отстапувања од генералната девијација. За повеќе информации види ги табелата број 30 и графиконот број 14.

*Табела број 30.*

**Колку е просечната нето-плата на вработените со основно образование исплатена за месец мај 2015 година**

| | Фреквенција | Процент | Точен процент | Кумулативен процент |
|---|---|---|---|---|
| **0 денари** | 84 | 48,6 | 49,1 | 49,1 |
| **До 10.000 денари** | 19 | 11,0 | 11,1 | 60,2 |
| **Од 10.000 до 15.000 денари** | 44 | 25,4 | 25,7 | 86,0 |
| **Од 15. 000 до 20.000 денари** | 14 | 8,1 | 8,2 | 94,2 |
| **Од 20.000 до 25.000 денари** | 5 | 2,9 | 2,9 | 97,1 |
| **Од 25.000 до 30.000 денари** | 1 | ,6 | ,6 | 97,7 |
| **Од 30.000 до 35.000 денари** | 3 | 1,7 | 1,8 | 99,4 |
| **Повеќе од 50.000 денари** | 1 | ,6 | ,6 | 100,0 |
| **Вкупно** | 171 | 98,8 | 100,0 | |
| **Нема податок** | 2 | 1,2 | | |
| **Вкупно** | **173** | **100,0** | | |

*Графикон број 14.*

**Колку е просечната нето-плата на вработените со основно образование исплатена за месец мај 2015 година**




## Споредба на плати меѓу мажите и жените

Бидејќи при обработката на прашалниците податокот за просечната плата се пронаоѓа во една од понудените вредности, односно модалитети (на пример, до 10.000 денари, од 10.000 до 15.000 денари итн.) и се внесува соодветниот код на дадената вредност, просечната плата која се добива е приближно, но не и апсолутно точна. Потоа на кодовите им се дава предност и се множат со соодветниот број на деловни субјекти кои ја исплаќаат просечната плата од одделниот интервал и збирот од ваквите производи на средни вредности од интервалите и бројот на деловните субјекти се дели со вкупниот број на деловните субјекти.

Средната вредност на **просечната плата на маж изнесува 19.864 денари добиена врз основа на вкупно 4.804 мажи.**

Средната вредност на **просечната плата на жена изнесува 14.590 денари добиена врз основа на вкупно 3.536 жени.**

**Средната вредност на просечната плата на маж со попреченост изнесува *12.824 денари добиена врз основа на вкупно 77 мажи со попреченост.* Средната вредност на просечната плата на жени со попреченост изнесува *15.732 денари со вклучени 58 жени со попреченост.***

**Разликата во плати меѓу мажите и жените во одделни сектори на дејности** е различна. Да напомниме дека околу 40% разликата во платата на жените (пониска) во однос на мажите е најчеста во секторите на земјоделството, шумарството и рибарството, прехранбената индустрија, транспортот и складиштата и градежништвото. За повеќе информации види во табелите број 31, 32 и табелата број 33.

*Табела број 31.*

**Процент на платата на жените во однос на платата на мажите во одделни сектори на дејности**

| Сектор на дејност на деловниот субјект. | Просечна плата |
|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство. | 62% |
| Рударство и вадење на камен. | 65% |
| Преработувачка индустрија, | 63% |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација. | 78% |
| Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината. | 76% |
| Градежништво. | 61% |
| Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли. | 75% |
| Транспорт и складирање. | 62% |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна. | 73% |
| Информации и комуникации. | 74% |
| Стручни, научни и технички дејности. | 74% |
| Административни и помошни услужни дејности. | 73% |
| Образование | 77% |
| Дејности на здравствена и социјална заштита. | 78% |
| Други услужни дејности | 77% |
| Дејности на домаќинствата како работодавци | 76% |
| Дејности на екстра територијални организации и тела. | 69% |

## Споредба на просечната плата на мажи по сектори

*Табела број 32.*

**Просечна плата на мажи по сектори**

| Сектор на дејност на деловниот субјект. | Средина | N | Стандардна девијација | Просечна плата |
|---|---|---|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство. | 2,9259 | 9 | 1,52550 | 10035,84 |
| Рударство и вадење на камен. | 3,1111 | 9 | ,98601 | 10671,07 |
| Преработувачка индустрија | 4,3000 | 5 | 2,45062 | 14749 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација. | 4,2500 | 4 | ,99536 | 14577,5 |
| Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината. | 3,0000 | 1 | . | 10290 |
| Градежништво. | 4,7083 | 12 | 1,20631 | 16149,47 |
| Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли. | 4,7767 | 53 | 1,09141 | 16384,08 |
| Транспорт и складирање. | 4,8333 | 8 | 1,24722 | 16578,22 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 5,0370 | 9 | ,90438 | 17276,91 |
| Информации и комуникации. | 7,2222 | 3 | 2,03670 | 24772,15 |
| Стручни, научни и технички дејности. | 7,1667 | 4 | 1,59861 | 24581,78 |
| Административни и помошни услужни дејности | 7,6667 | 2 | ,00000 | 26296,78 |
| Образование. | 7,6667 | 5 | ,62361 | 26296,78 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита. | 7,9048 | 7 | 1,53616 | 27113,46 |
| Други услужни дејности. | 8,7611 | 30 | 1,18716 | 30050,57 |
| Дејности на домаќинствата како работодавци | 8,6667 | 2 | ,00000 | 29726,78 |
| Дејности на екстра територијални организации и тела. | 10,7778 | 3 | 2,21944 | 36967,85 |
| Вкупно | 5,7912 | 166 | 2,34138 | |

## Споредба на просечната плата на жени по сектори

### *Табела број 33.*

**Просечна плата на жени по сектори**

| Сектор на дејност на деловниот субјект. | Средна вредност | N | Стандардна девијација | |
|---|---|---|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство. | 2,3889 | 9 | 1,14867 | 6275,64 |
| Рударство и вадење на камен. | 2,3333 | 9 | ,40825 | 6129,579 |
| Преработувачка индустрија. | 3,5000 | 5 | ,66667 | 9194,5 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација. | 4,3333 | 4 | 1,27657 | 11383,58 |
| Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината. | 3,0000 | 1 | . | 7881 |
| Градежништво. | 3,7778 | 12 | ,78281 | 9924,281 |
| Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли. | 4,6981 | 53 | 1,15334 | 12341,91 |
| Транспорт и складирање. | 3,9167 | 8 | ,34503 | 10289,17 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна. | 4,8519 | 9 | ,76578 | 12745,94 |
| Информации и комуникации. | 7,0000 | 3 | 1,85592 | 18389 |
| Стручни, научни и технички дејности | 6,9583 | 4 | 1,15770 | 18279,45 |
| Административни и помошни услужни дејности. | 7,3333 | 2 | ,00000 | 19264,58 |
| Образование. | 7,7333 | 5 | ,98319 | 20315,38 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита. | 8,1429 | 7 | ,95950 | 21391,4 |
| Други услужни дејности. | 8,8722 | 30 | 1,08692 | 23307,27 |
| Дејности на домаќинствата како работодавци. | 8,6667 | 2 | ,94281 | 22767,42 |
| Дејности на екстра територијални организации и тела. | 9,7778 | 3 | ,50918 | 25686,28 |
| Вкупно | 5,5522 | 166 | 2,42461 | |

Подолу во графиконот број 15 е даден приказ на **разликата во плати на мажите во рамките на секторот на дејност претставени според средните плати на ниво на деловните субјекти во одделните интервали на плати.**

### *Графикон број 15.*



**Chi-Square Tests**

| | Value | df | Asymp. Sig. (2-sided) |
|---|---|---|---|
| Pearson Chi-Square | 175,738[a] | 128 | ,003 |
| Likelihood Ratio | 124,626 | 128 | ,568 |
| Linear-by-Linear Association | 1,556 | 1 | ,212 |
| N of Valid Cases | 152 | | |

a. 147 cells (96,1%) have expected Бр. less than 5. The minimum expected Бр. is ,01.

**Постои зависност помеѓу просечната нето-плата на мажите и секторот на дејност, значи ова вкрстување е значајно, бидејќи вредноста на Хи -квадрат тестот е 0,003<0,05.**

Подолу во графиконот број 16 е даден приказ на **разликата во плати на жените во рамките на секторот на дејност претставени според средните плати на ниво на деловните субјекти во одделните интервали на плати.** И овде Хи - квадрат тестот покажа корелација на варијаблите сектор на дејност и просечна плата на жената.

*Графикон број 16.*




## Регионални разлики во плати

На целата територија на државата постојат осум плански региони и помеѓу нив постои диспаритет и во степенот на економскиот развој и во стандардот на живот на населението. Во листата на основи на дискриминација во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација не постои регионално потекло како основа на дискриминација, коешто често пати се става во релација со општествениот статус (кое, меѓу останатото, вклучува и дали лицето живее во град или село, во помал или поголем град, во повеќе или помалку развиена општина или, пак, во помалку или во повеќе развиен регион). Доколку би постоел ваква основа, или, пак, доколку на основата „личен и општествен статус“ и дадеме пошироко значење тогаш можеме да зборуваме за дискриминација во плати по оваа основа и за двојна дискриминација - дискриминација во сферата на работните односи врз жената која живее во помалку развиен регион.

Како што јасно може да видиме од графиконот број 17 во Источниот и Југоисточниот плански регион просечната плата на мажите во повеќе од 2/3 од деловните субјекти е до 25.000 денари, во Вардарскиот регион е приближно 1/3, во Пелагонискиот 1/2, во Југозападниот 1/4, во Полошкиот 40%, во Скопскиот 20% и во Североисточниот регион е 70%.

*Графикон број 17.*




**Chi-Square Tests**

| | Value | df | Asymp. Sig. (2-sided) |
|---|---|---|---|
| Pearson Chi-Square | 74,083[a] | 56 | ,043 |
| Likelihood Ratio | 80,734 | 56 | ,017 |
| Linear-by-Linear Association | 6,312 | 1 | ,012 |
| N of Valid Cases | 149 | | |
| a. 68 cells (94,4%) have expected Бр. less than 5. The minimum expected Бр. is ,06. | | | |

**Постои зависност помеѓу просечната нето-плата на мажите и регионот, значи ова вкрстување е значајно, бидејќи вредноста на Хи - квадрат тестот е 0,043<0,05.**

Кога станува збор за средната плата на жените врз основа на регионот ситуацијата е уште позагрижувачка (графикон број 18). Дури 77% од деловните субјекти во Источниот плански регион исплаќаат плата до 15.000 денари на своите работнички. Во Југоисточниот регион овој процент е приближно 2/3, во Вардарскиот регион 57%, во Пелагонискиот регион котира високи 83%, во Југозападниот 45%, во Полошкиот 50%, и во Скопскиот регион 25%.

*Графикон број 18.*




**Chi-Square Tests**

| | Value | df | Asymp. Sig. (2-sided) |
|---|---|---|---|
| Pearson Chi-Square | 83,573[a] | 63 | ,043 |
| Likelihood Ratio | 86,604 | 63 | ,026 |
| Linear-by-Linear Association | 8,818 | 1 | ,003 |
| N of Valid Cases | 142 | | |
| a. 74 cells (92,5%) have expected Бр. less than 5. The minimum expected Бр. is ,06. | | | |

**Постои зависност помеѓу просечната нето-плата на жените и регионот на дејност, значи ова вкрстување е значајно, бидејќи вредноста на Хи -квадрат тестот е 0,043<0,05.**

*Зависности меѓу секторот на дејност на деловниот субјект и просечната нето-плата според степенот на образование*

**Chi-Square Tests**

| | Value | df | Asymp. Sig. (2-sided) |
|---|---|---|---|
| Pearson Chi-Square | 182,868[a] | 135 | ,004 |
| Likelihood Ratio | 140,613 | 135 | ,353 |
| Linear-by-Linear Association | ,021 | 1 | ,886 |
| N of Valid Cases | 145 | | |
| a. 156 cells (97,5%) have expected Бр. less than 5. The minimum expected Бр. is ,01. | | | |

**Постои зависност помеѓу секторот и просечната нето-плата на вработените со високо образование, значи ова вкрстување е значајно, бидејќи вредноста на Хи - квадрат тестот е 0,004<0,05 (графикон број 19).**

*Графикон број 19.*




## Сектор на дејност на деловниот субјект?

**Chi-Square Tests**

| | Value | df | Asymp. Sig. (2-sided) |
|---|---|---|---|
| Pearson Chi-Square | 226,733[a] | 128 | ,000 |
| Likelihood Ratio | 124,707 | 128 | ,566 |
| Linear-by-Linear Association | 2,403 | 1 | ,121 |
| N of Valid Cases | 163 | | |
| a. 147 cells (96,1%) have expected Бр. less than 5. The minimum expected Бр. is ,01. | | | |

**Постои зависност помеѓу секторот и просечната нето-плата на вработените со средно образование, значи ова вкрстување е значајно, бидејќи вредноста на Хи - квадрат тестот е 0,000<0,05 (*графикон број* 20).**

*Графикон број 20.*




## Сектор на дејност на деловниот субјект?

Сличен степен на корелација има и меѓу **секторот на дејност и просечната нето-плата за вработените со основно образование (графикон број 21).**

*Графикон број 21.*




## Сектор на дејност на деловниот субјект?

# 3. ЗАКЛУЧОЦИ

1. Жените што се на раководна позиција за разлика од мажите се застапени во значително помал процент, односно во 36%, што претставува приближно 20% помалку во однос на мажите, од вкупниот број на деловните субјекти. Во рамките на ова, во повеќе од 40% од деловните субјекти во кои има раководител жена тие се застапени само со една раководителка.
2. Од добиениот Хи - квадрат тест $x^2 = 0,673 > 0,5$ , може да се заклучи дека не постои зависност меѓу секторот на дејност и бројот на вработени мажи и жени.
3. Може да се заклучи дека посериозно отстапување од степенот на разлика на вкупниот број на мажи и вкупниот број на жени има во случајот на бројот на вработени Албанки во однос на вработени Албанци, бројот на вработени Ромки во однос на вработени Роми и работничките со основно образование во однос на работниците со основно образование. При анализата ако се има предвид демографскиот сооднос меѓу мажите и жените, ќе се констатира дека овие три категории на жени се најмногу изолирани од сферата на работните односи.
4. *Во случајот со просечната плата на жените може да се констатира дека приближно 7% повеќе деловни субјекти исплаќаат плата од 10.000 до 15.000 денари на жените во однос на мажите и приближно двојно помалку деловни субјекти исплаќаат просечна плата од 20.000 до 25.000 денари на жените во однос на мажите.*
5. Споредено со платата исплатена на мажите без попреченост ќе се констатира дека е двојно поголем бројот на деловни субјекти кои исплатиле ваква плата кај мажите со попреченост.
6. Жените со попреченост се поставени во исклучително лоша позиција бидејќи 30% од деловните субјекти, коишто имаат вработено лице со попреченост, исплаќаат плата на жените до 10.000 денари а 50% исплаќаат плата од 10.000 до 15.000 денари.
7. Средната вредност на просечната плата на маж изнесува 19.864 денари, добиена врз основа на вкупно 4.804 мажи. Средната вредност на просечната плата на жена изнесува 14.590 денари, добиена врз основа на вкупно 3.536 жени. Средната вредност на просечната плата на маж со попреченост изнесува 12.824 денари добиени врз основа на вкупно 77 мажи со попреченост. Средната вредност на просечната плата на жени со попреченост изнесува 15.732 денари со вклучени 58 жени со попреченост. Се заклучува дека жените просечно имаат за 25% помала плата во однос на мажите, а мажите со попреченост имаат за околу 40% помала плата во однос на мажите без попреченост.
8. Околу 40% разлика во платата на жените (пониска) во однос на мажите е најчеста во секторите: земјоделство, шумарство и рибарство, прехранбената индустрија, транспортот и складиштата и градежништвото.
9. Дури 77% од деловните субјекти во Источниот плански регион исплаќаат плата до 15.000 денари на своите работнички. Во Југоисточниот регион овој процент е приближно 2/3, во Вардарскиот регион 57%, во Пелагонискиот регион котира високи 83%, во Југозападниот 45%, во Полошкиот 50%, и во Скопскиот регион 25%.

# 4. ПРЕПОРАКИ

1. Креаторите на државните политики во доменот на трудот се препорачува да подготват упатства до деловните субјекти да го спроведуваат доследно принципот на еднаквост во платите меѓу мажите и жените за еднаков труд или за труд од иста вредност на идентичен или сличен вид на работно место.
2. Се препорачува посистематска контрола во однос на спроведувањето на принципот на еднаквоста на платите меѓу мажите и жените за исти или слични работни места во рамките на еден деловен субјект и создавање на мерки кои ќе ги превенираат или, пак, санкционираат овие појави.
3. Се препорачува до Комисијата за заштита од дискриминација, Министерството за труд и социјална политика, стопанските комори и синдикатите да спроведуваат систематски истражувања за утврдување на оваа појава и да спроведуваат обуки со сите засегнати страни со цел подигнување на свесноста за овој феномен и надминување на истиот.
4. Се препорачува да се преземаат мерки за намалување на јазот во платите меѓу мажите и жените особено во Источниот плански регион и во истиот регион да се преземаат позасилени економски мерки за зголемување на просечната плата и намалување на процентот на вработените мажи и жени кои земаат минимален личен доход.
5. Се препорачува до креаторите на политиките во доменот на трудот да преземат мерки за намалување на јазот во висината на платата меѓу лицата со попреченост и оние без попреченост
6. Се препорачува да се креираат мерки за зголемување на бројот на вработени Албанки, Ромки и жени со попреченост за да се достигне одредена приближна рамноправност во процентот на вработеност помеѓу овие етнички заедници.
7. Се препорачува до стопанските комори и синдикатите да развијат програми за поттикнување на зголемувањето на бројот на жени коишто се на раководни позиции.